# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
## За извршување на буџетот на Општина Демир Капија за период 01.01.2025-31.03.2025

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 („Службен весник на Република Македонија“бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по заршувањето на кварталот. Реализацијата на приходите на ***основниот буџет*** на општината заклучно со првиот квартал е 21.904.998 денари од предвидените 133.301.188 денари или 16.43% додека реализацијата на расходната страна на буџетот 21.904.998 од предвидените 133.301.188 или 16.43%. Разликата од остварените приходи и расходи во износ од 13.328.992 денари се пренесен вишок на приходи од мината година.

Во буџетот на Општина Демир Капија, за првиот квартал биле реализирани приходи во износ од 38.632.253 денари, од планираните 208.229.577 денари од вкупниот ***консолидиран буџет*** на општина Демир Капија, или 28.98% реализација во проценти, додека реализираните расходи се во вкупен износ од 37.126.576 денари од планираните 208.229.577 денари од вкупниот буџет на Општина Демир Капија или 27.85%

**Реализација на изворите на финансирање на Општина Демир Капија**

Приходите на Буџетот на општината со единки корисници за 2025 година се реализирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија и со Буџетот за 2025 година се дадени во табелата:

| ***Вид на приход*** | ***План*** | ***Реализација 31.03.2024*** | ***Реализација 31.03.2025*** | ***Реализација во %*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Даночни приходи*** | 42.872.292 | 3.427.822 | 3.199.796 | ***7.46*** |
| ***Неданочни приходи*** | 6.806.000 | 835.609 | 523.607 | ***7.69*** |
| ***Капитални приходи*** | 31.010.000 | 712.529 | 243.597 | ***0.79*** |
| ***Трансфери и донации*** | 127.541.285 | 72.633.191 | 34.665.253 | ***27.18*** |
| ***Вкупно:*** | **208.229.577** | **77.609.151** | **38.632.253** | **18.55** |

# Даночни приходи

Даночните приходи во 2025 година се планирани во износ од 42.872.292 додека нивната реализација во првиот квартал изнесува 3.199.796 денари.

| ***Вид на приход*** | ***План*** | ***Реализација 31.03.2024*** | ***Реализација 31.03.2025*** | ***Реализација во %*** |
|---|---|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| добивки | 2.060.000 | 464.049 | 463.516 | **22.50** |
| Даноци од имот | 6.203.000 | 983.903 | 1.029.648 | **1.66** |
| Даноци од специфичини услуги | 33.399.292 | 1.689.977 | 1.599.369 | **4.79** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.210.000 | 289.893 | 107.263 | **8.86** |
| **Вкупно:** | **42.872.292** | **3.427.822** | **3.199.796** | **7.46** |




Во структурата кај даночните приходи може да се забележи дека финансиско најголемото учество е кај ставката на даноци од специфични услуги со износ од 1.599.369 денари реализација. Приходите остварени од даноците од физички лица до 31.03.2025 изнесуваат 131.553 денари додека наплатата од правни лица изесува 22.728 денари. Ако посебно се анализираат само даноците на имот се согледува нивната структура и учество во вкупниот износ на овој вид на данок:

| ***Приходна шифра*** | ***Опис*** | ***План*** | ***Реализација 31.03.2024*** | ***Реализација 31.03.2025*** | ***Реализација во %*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **7131** | Данок на имот | 2.700.000 | 286.562 | 152.725 | **5.66** |
| **7132** | Данок на наследство и подарок | 500.000 | 46.243 | 51.379 | **10.28** |
| **7133** | Данок на промет на недвижности и права | 3.000.000 | 651.065 | 825.544 | **27.52** |
| **7135** | Казни и камати | 3.000 | 33 | - | - |
| | **Вкупно:** | **4.028.544** | ***983.903*** | ***1.029.648*** | **25.56** |

## Капитални приходи

| ***Приходна шифра*** | ***Опис*** | ***План*** | ***Реализација 31.03.2024*** | ***Реализација 31.03.2025*** | ***Реализација во %*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **731** | Продажба на капитални средства | - | - | **-** | - |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални | 31.010.000 | 712.529 | 253.597 | **0.82** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вложувања | | | | |
| | **Вкупно**: | **31.010.000** | ***712.529*** | ***243.597*** | **0.82** |

Реализацијата на капиталните приходи се однесува на:

- Приходи од продажба на градежно неизградено земјиште во сопственост на републиката на износ од 95.698;
- Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата на износ од 59.721;
- Надомест за концесии за експлотација на минерални суровини (по основ на простор) на износ од 1.416;
- Надомест за концесии за експлотација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) на износ од 78.930;
- Надомет за утврдување на правен сатус на беспрвно изградени објекти на износ од 7.832.

## Трансфери и донации

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реазлизација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 127.041.285 | 72.633.191 | 34.500.253 | **27.05** |
| **742** | Донации од странство | 500.000 | 132.000 | 165.000 | **33.00** |
| **744** | Тековни донации | - | **-** | - | |
| | **Вкупно**: | **127.541.285** | ***72.633.191*** | **34.665.253** | **27.18** |

Реализацијата на трансферите и донации од странство заклучно со првиот квартал за 2025 година е со вкупен износ од **34.665.253** или 27.18%.

Во делот на трансфери од други нивоа на власт реализацијата е остварена по следните основи:

- Дотации од приходи од ДДВ во вкупен износ од **5.075.565;**
- Блок дотации на општината по одделни намени во вкупен износ од **16.095.696** денари од кои:
  *Блок дотација за Основно образование: 11.400.000;*
  *Блок дотација за социјална заштита и заштита на деца: 3.092.379;*
  *Блок дотација Музичка и сценско – уметничка дејност: 1.603.317;*
- Приходи од обединети нации **165.000** финансиско учество од УНДП за реализација на проектот Општинско корисна работа;
- Пренесен вишок од минати години во вкупен износ од 13.328.992.

# Реализирани буџетски расходи на општина Демир Капија

Вкупните реализирани расходи на општина Демир Капија за периодот од **01.01.2025** до **31.03.2025** изнесуваат **37.129.576** или **27.85%.** Реализираните расходи утврдени по економска класификација се следните:

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 83.831.528 | 16.525.356 | 18.736.507 | **22.35** |
| **41** | Резерви и недефинивани расходи | 300.000 | - | - | - |
| **42** | Стоки и услуги | 43.246.292 | 5.758.399 | 6.064.985 | **14.02** |
| **45** | Каматни плаќања | 100.000 | - | - | - |
| **46** | Субвенции и трансфери | 10.864.057 | 1.996.694 | 1.129.259 | **10.39** |
| **47** | Социјални бенифиции | 600.000 | 76.000 | 80.001 | **13.33** |
| **48** | Капитални расходи | 66.287.700 | 11.699.965 | 9.554.060 | **14.41** |
| **49** | Отплата на главница | 3.000.000 | 1.644.534 | 1.561.764 | **52.06** |
| | **Вкупно:** | **133.301.188** | **37.700.948** | **37.126.576** | **27.85** |




## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно-оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно–оперативните расходи доминираат расходите за плати и придонесите за социјално осигурување.

### *40 - Плати, наемнини и надоместоци за вработените*

Реализацијата во делот на плати и надоместоци ги вклучува платите за вработените во општинската администрација, градоначалникот, надоместоци за советниците како и за плати и надоместоци на единките корисници на општината. Вкупната реализација е 18.736.507 или 22.35%.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 57.093.615 | 11.710.188 | 13.090.803 | **22.93** |
| **402** | Придонес за социјално | 22.381.913 | 4.535.557 | 5.075.814 | **22.68** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | осигурување од работодавачи | | | | |
| **404** | Надоместоци | 4.356.000 | 279.611 | 569.890 | **13.08** |
| | **Вкупно:** | **83.831.528** | ***16.525.356*** | **18.736.507** | **22.35** |

## *Тековни резерви (разновиди расходи)*

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **413** | Тековни резерви (разновидни расходи) | 300.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **300.000** | - | - | - |

***Средствата од тековната резерва се користат за одредении итни потреби на општината, доколку не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.***

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

## *Стоки и услуги*

Заклучно со 31.03.2025 година реализацијата во делот на стоки и услуги на буџетот на општина Демир Капија изнесува 14.02% или 6.064.985 денари.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 372.500 | 21.000 | 73.373 | **19.70** |
| **421** | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 6.830.000 | 1.435.785 | 1.759.832 | **25.77** |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 6.438.000 | 880.868 | 727.868 | **11.31** |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 10.950.500 | 1.156.354 | 1.519.710 | **13.88** |
| **425** | Договорни услуги | 12.885.292 | 1.280.772 | 961.089 | **7.46** |
| **426** | Други тековни расходи | 1.640.000 | 312.531 | 248.420 | **15.06** |
| **427** | Привремени вработувања | 4.000.000 | 671.089 | 774.693 | **19.37** |
| | **Вкупно:** | **43.246.292** | **5.758.399** | **6.064.985** | **14.02** |

## *Каматни плаќања*

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **452** | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 100.000 | **-** | - | - |
| | **Вкупно:** | **100.000** | **-** | - | - |

## *Субвенции и трансфери*

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **461** | Субвенции за јавни претпријатија | 1.500.000 | 300.000 | - | - |
| **463** | Трансфери до невладини организации | 1.176.000 | 100.000 | 225.770 | **19.20** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **464** | Разни трансфери | 8.138.057 | 1.596.694 | 903.489 | **11.10** |
| **465** | Исплата на извршни исправи | 50.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **10.864.057** | **1.996.694** | **1.129.259** | **10.39** |

## *Социјални бенефиции*

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 600.000 | 76.000 | 80.001 | **13.33** |
| | **Вкупно:** | **600.000** | ***76.000*** | **80.001** | **13.33** |

## *Отплата на главница*

Во делот на отплата на главница е предвидена годишната отплата согласно амортизациониот план, на долгорочен заем преку проект за ***подобрување на општинските услуги (МСИП 2)*** за изградба на три улици во општина Демир Капија и тоа: улица ,,Илинденска'', улица ,,Радњанска'', улица ,,Орце Николов''. Договорот за заем е склучен на 23.02.2016 година помеѓу Министерството за финансии и општина Демир Капија на вкупен износ од 27.272.309 милиони денари со рок на отплата до 10.02.2029 година. Заклучно со извештајниот период општината по основ на заемот има исплатено 14.436.329 милиони денари од вкупниот износ на заемот.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **493** | Отплата на главница до други нивоа на власт | 3.000.000 | 1.644.534 | 1.561.764 | **52.06** |
| | **Вкупно:** | **3.000.000** | ***1.644.534*** | 1.561.764 | **52.06** |

## Капитални расходи

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, и изградба на улици и патишта, водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината. Од табелата можеме да согледаме дека најголема реализација има кај расходното конто 482 – Други градежни објекти со реализација од 9.544.060 денари или 14.40%.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2024* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 1.010.000 | 27.857 | - | - |
| **481** | Градежни објекти | 3.000.000 | - | - | - |
| **482** | Други градежни објекти | 55.627.700 | 11.632.133 | 9.544.347 | 11.16 |
| **483** | Купување на мебел | - | - | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **485** | Вложувања во нефинансиски средства | 1.150.000 | 39.975 | 9.713 | 0.84 |
| **486** | Купување на возила | 5.500.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **66.287.700** | **11.699.965** | **9.554.060** | **14.40** |

Реализацијата на расходното конто **482** разчленето аналититички се однесуват на:

482110 – Подготвување проекти, вклучувајќи и дизајн на улици, патишта и автопати: *306.800;*

482130 – Реконструкција на улици, патишта и автопати: *1.783.238*;

482730 – Реконструкција на капацитети за водоснабдување: *2.500.000;*

482920 – Изградба на други објекти: *2.394.169;*

482930 - Реконструкција на други објекти: *2.500.000;*

482940 – Надзор над изградба: *60.140*;

485230 – Компјутерски софтвер: 4.838;

485420 – Надомест за одземен имот: 4.875.

*Изготвено од:*
*Сектор за финансиски прашања*